Архивски број: 08-605
од 14.07.2020 година

# Извештај за учество на собранија на акционери за месец јуни 2020 година

Сектор за управување со инвестициско портфолио
01.07.2020

# Содржина

1. Општ дел ........................................................................................................ 3
2. Посебен дел ..................................................................................................... 4
   ➢ Годишно акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје ............ 4

Согласно член 8 од Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакции со хартии од вредност, Триглав Пензиско Друштво го составува следниот *Извештај за учество на собранија на акционери во месец јуни 2020 година.*

## 1. Општ дел

Листа на издавачи во чии хартии од вредност се инвестирани средствата на Триглав Отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје и Триглав Отворен доброволен пензиски фонд – Скопје, а кои одржале собранија на акционери во текот на месец јуни 2020 година:

| Име на издавач | Датум на одржување на акционерско собрание | % на инвестирани средства во вкупна вредност на поврзани пензиски фондови | % на инвестирани средства во вкупни издадени хартии од вредност | Обврска за присуство и известување |
|---|---|---|---|---|
| Македонски Телеком АД Скопје | 30.06.2020 | 0,18% | 0,004% | не |

- Годишно акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје

Дневен ред

I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ
1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар.

II. РАБОТЕН ДЕЛ
1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";
2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";
3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;
4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2019 година;
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2019 година;
6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2019 година и утврдување на дивиденден календар;

7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2019 година;
8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2019 година;
9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година.

Претставник на Триглав Пензиско Друштво АД Скопје: Елена Марковска

## 2. Посебен дел

Начин на гласање по точките од дневниот ред и останати информации од одржаните акционерски собранија:

- ### Годишно акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје

| Точка на дневен ред | Начин на гласање | Коментар |
|---|---|---|
| I. Процедурален дел | | |
| 1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар | ЗА | Едногласно изгласано. |
| II. Работен дел | | |
| 1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери. |
| 2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери.<br>Македонски Телеком АД Скопје во 2019 година оствари позитивен резултат од работењето во износ од 1.505 милиони денари, што претставува раст од 5,9%, додека приходите од продажби се зголемија за 3,7%. Оперативната добивка порасна за 7,7%, додека оперативните трошоци за 2,9% споредено со 2018 година. |
| 3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери. |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2019 година; | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери. |
| 5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2019 година; | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери.<br><br>Од нето добивката остварена во 2019 година, 88% ќе се исплати на акционерите како дивиденда, додека остатокот ќе се распредели како задржана добивка која ќе се реинвестира. |
| 6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2019 година и утврдување на дивиденден календар | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери.<br><br>Дивидендата по акција изнесува 15,4 денари бруто. |
| 7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2019 година | ЗА | Предлог- одлуката беше изгласана, со гласање ЗА на 99,99% од присутните акционери. По оваа точка се гласаше за одобрување на работата на секој член на Одборот на директори поединечно. |
| 8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2019 година | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери. |
| 9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година | ЗА | Предлог- одлуката беше едногласно изгласана од страна на присутните акционери.<br><br>Ревизорското друштво PricewaterhouseCoopers ДОО Скопје ќе ја врши ревизијата на Друштвото за 2020 година. |